**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08-2997/9
од 08.11.2019 год.

Врз основа на член 123, став 1 и член 126, став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Барање бр. 23-2997/1 од 08.08.2019г. за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, од страна на Друштво за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги "ДАНГАЛ 09" ДООЕЛ ВЕЛЕС, со регистрирано седиште на ул. "Кирил Пејчиновиќ" бр. 20 од Велес, оператор на инсталација за интензивно свињарство лоцирана на КП 49/1 и КО 49/2 КО Црквино Општина Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ

***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги "ДАНГАЛ 09" ДООЕЛ Велес, со регистрирано седиште на ул. "Кирил Пејчиновиќ" бр. 20 од Велес, за инсталација за интензивно свињарство, лоцирана на КП 49/1 и КП 49/2 КО Црквино, Општина Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги "ДАНГАЛ 09" ДООЕЛ Велес, при користење и управување со инсталацијата за интензивно свињарство, лоцирана на КП 49/1 и КП 49/2 КО Црквино, Општина Велес, да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр.08-2997/8 од 08.11.2019г.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги "ДАНГАЛ 09" ДООЕЛ Велес, до Градоначалникот на Општина Велес поднесе барање бр.23-2997/1 од 08.08.2019г. за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата за интензивно свињарство, лоцирана на КП 49/1 и КП 49/2, КО Црквино, Општина Велес, со проектиран капацитет од 150 места за мајки и 850 места за товеници над 30кг.

Врз основа на целосен увид во Барањето и Записник од извршен инспекциски надзор бр.23-2997/2 од 05.09.2019г. констатирана е комплетност на поднесеното Барање и исполување на условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола.

Врз основа на горенаведеното, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, согласно член 126 и 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение операторот на инсталацијата и засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***

- Барателот
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес

Аце Коцевски

Изготвил: ДП
Контролирал: БШМ